AUSTRIAN DEVELOPMENT AGENCY

Gender Budget Watchdog Network
for a gender equal region

Sida
SWEDISH INTERNATIONAL DEVELOPMENT COOPERATION AGENCY

# Извештај од Мониторинг и Исполнетост на програми за справување со кризи во општините од Струмичкиот микро регион

# 2024

CRPM Center for Research and Policy Making
. . . policy impact since 2004

ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
НОВУС

# I. ВОВЕД:

## ПРЕДГОВОР:



***„Граѓаните треба да бидат свесни и подготвени да се справуваат со итните и катастрофалните состојби во рамките на своите знаења и можности!“***

За таа цел го претставуваме овој бриф документ како резултат на нашата анализа на моменталната состојба на програмите за криза и кризни ситуации во општините од Струмичкиот микро-регион. Нашиот истражувачки тим го обработи овој документ со цел да ги поддржиме напорите за инклузивни и одговорни политики, со правилно алоциран буџет, кои ќе ги заштитат сите граѓани и ќе им овозможат подобар квалитет на живот.

Целта на овој документ е да го зајакнеме учеството на граѓаните во процесот на донесување на одлуки и креирање на политики кои директно влијаат на нивниот живот. Со фокус на родова вклученост, сме предани да ги обезбедиме рамките за инклузивно општество каде секој граѓанин има глас и можност за учество.

Информациите што ги добивме во текот на спроведувањето на проектот се од критично значење за дефинирање на предизвиците и потребите на нашето општество. Веруваме дека овој документ не само што претставува почетна точка за нови промени, туку и ќе послужи како основа за политички и социјални иновации, со цел подобрување на животот на сите граѓани во регионот.

Со гордост го претставуваме овој документ како резултат на нашиот ангажман и веруваме дека ќе служи како водич за напредок и подобрување во иднина.

*Данче Кирова*
*Проектен Координатор*

## Содржина:

I. ВОВЕД:........................................................................................................................2

ПРЕДГОВОР: ....................................................................................................................2

КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ЦЕЛИТЕ И ЦЕЛОСНАТА СТРАТЕГИЈА НА ОПШТИНАТА ВО ВРСКА СО ПРОГРАМИТЕ И МЕРКИТЕ ШТО СЕ МОНИТОРИРАНИ ..........................................................4

II. ПРОГРАМИ И МЕРКИ ....................................................................................................5

Родова рамноправност при несреќа и криза .....................................................................7

Програма за комуникација при кризи и катастрофи:...........................................................8

**Мониторирани документи во Струмички микро-регион** ...................................................9

Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја на територијата во надлежност на Општина Струмица.............................................................................9

Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Босилово 2024 .................... 11

III. ИСПОЛНЕТОСТ НА МЕРКИТЕ ........................................................................................ 13

IV. ПЛАНОВИ И МЕРКИ ЗА ИДНИНА.................................................................................... 14

V. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА........................................................................................ 15

VI. ПРЕПОРАКИ И ИСКУСТВА ............................................................................................. 16

VII. ПРИЛОЗИ И ДОКУМЕНТАЦИЈА....................................................................................... 19

Анекс 1 ........................................................................................................................... 19

Доставена документација - од општините ......................................................................... 20

## КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ЦЕЛИТЕ И ЦЕЛОСНАТА СТРАТЕГИЈА НА ОПШТИНАТА ВО ВРСКА СО ПРОГРАМИТЕ И МЕРКИТЕ ШТО СЕ МОНИТОРИРАНИ

За подготовка на овој документ, користевме различни методи за мониторирање на постоечките документи, програми и мерки од општините во Струмичкиот микро-регион. Од особена значајност беше истражувањето на јавното мислење кај граѓаните и нивната свесност за постоечките политики и документи. Во овој процес, дадовме значајна важност на вклученоста на граѓаните, особено на маргинализираните групи на луѓе, во процесот на донесување на одлуки и разработка на стратегии и програми што имаат значаен влијание на нивниот квалитет на живот.

Мониторингот на програмите и мерките во рамките на проектот беше изведен преку различни методи, вклучувајќи онлајн анкети, теренски истражувања и анализа на постоечките документи. Главната фокусна точка беше јавното мислење и свесноста на граѓаните за постоечките политики и документи. Дополнително, значајна внимателност беше посветена на вклучувањето на маргинализираните групи во процесот на донесување на одлуки и формулирање на стратегии и програми.

**Во прилог, се обезбедени линкови до програмите и мерките кои беа мониторирани за да се обезбеди детална анализа на состојбата.**

*[Линк 1: Програма за кризни ситуации - Општина Струмица]*

*[Линк 2: Мерка за спроведба на политика за заштита на маргинализирани групи - Општина Ново Село]*

*[Линк 3: Анализа на мерки за спроведба на стратегија за вклучување на жени во кризни ситуации - Општина Радовиш]*

*[Линк 4: Прирачник за граѓаните - Систем за управување со кризи]*

*[Линк 5: Прирачник за комуникација во кризни ситуации - Женевски центар за управување со безбедносен сектор]*

*[Линк 6: Прирачник за граѓани - Подготвеност 72 - Основи за подготвеност на граѓаните - Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје]*

*[Линк 7: Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја на територијата во надлежност на Општина Струмица]*

*[Линк 8: Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Босилово 2024]*

*[Линк 9: Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на загрозеност на подрачјето на општина Василево]*

*[Линк 10: Процена на загрозеност од ризици и опасности за настанување на кризни состојби на подрачјето на Општина Василево]*

*[Линк 11: Процена на загрозеност за можни опасности од одредени непогоди и други несреќи во Општина Василево]*

# II. ПРОГРАМИ И МЕРКИ

Како најважен документ кој беше мониториран се јавува Прирачникот за граѓани за Систем за управување со кризи директно издаден од Центар за управување со кризи на РСМ. Целта на овој прирачник е да обезбеди совети и препораки за превенција, подготовка, одговор и опоравок од постоечките природни опасности и техничко-технолошките инциденти и несреќи на подрачјето на државата.

Планот за итни состојби е алатка што му овозможува на граѓанинот или заедницата да ги документира основните информации, потребите и мерките за справување со настанот, начинот за комуникација. Препорачливо е секое домаќинство да има ваков план, бидејќи во текот на првите 72 часа од настанот неопходно е да примениме мерки и постапки за заштита и самозаштита.

**Доколку во вашата средина се случи итен или катастрофален настан, на силите за заштита и спасување и другите локални и национални ресурси можеби ќе им треба и до 72 часа да стапат во контакт со вас и да ве спасат. Затоа е неопходно граѓаните да бидат подготвени за заштита и справување со настанот и состојбата, најмалку во овој временски период.**

## Броеви на кои може да се обратите во случај на кризна ситуација:

**195**
Центар за управување со кризи

**193**
Територијални противпожарни единици

**194**
Итна медицинска помош

**192**
Полиција

**112**
Единствен број за итни случаи

### Целосна организациска и инстутиционална поставеност на телата и органите во Системот за уравување со кризи на РСМ може да ја погледнете на следнава шема:




Согласно овој прирачник, приложени се мерки и активности при различни кризни ситуации како:

- Мерки при екстремни временски услови;
- Мерки при високи температури и суши;
- Мерки при невреме со грмотевици и поројни дождови.

Овде како најбитни би ги издвоиле општите мерки за однесување при кризи и катастрофи, кои се направени за да помогнат и да се справат во скоро секаков вид на криза од поголеми размери.

Овде би ги издвоиле следниве мерки:

- Во време на криза, преземањето на вистинските активности може да ви го спаси животот. Најпрвин размислете, а потоа преземете ги потребните акции. Во време на криза, преземањето на вистинските активности може да ви го спаси животот. Најпрвин размислете, а потоа преземете ги потребните акции.
- Кога и да зафати некое силно невреме или да се закани некој друг потенцијален ризик, држете го вклучено вашето радио на батерии кое дава временски извештаи и прогнози, како и други информации и совети кои потекнуваат од страна на надлежните служби.

- Употребувајте го вашиот телефон само за да ја известите полицијата за важни и итни настани, како на пример, пожари, поројни поплави во вашиот видокруг и друго. Не останувајте предолго на телефон зашто можете да ги оптоварите телефонските линии и со тоа да спречите вршење на итни повици од страна на вашите сограѓани.
- Познавањето на прва помош и итна медицинска грижа може да спаси животи и да ја намали болката кај повредените. И возрасните и тинејџерите можат да се здобијат со овие важни вештини со земање на курсеви за прва помош и специјализирани курсеви.
- Искуствата од анализите на големите несреќи и катастрофи од различни непогоди низ светот, укажуваат на фактот дека најголем број спасувачки активности се преземени и успешно звршени од страна на граѓаните, а потоа од специјализираните служби.

## Родова рамноправност при несреќа и криза

Сегашните односи меѓу мажите и жените, кога станува збор за намалувањето на ризиците од кризи, се базираат, пред се, врз улогите и одговорностите кои мажите и жените ги имаат во општеството. Овие улоги резултираат со различни идентитети, социјални одговорности, ставови и очекувања. Таквите разлики се во голема мера нефер кон жените и водат кон нееднаквост на половите низ целиот социоекономски развој, вклучувајќи ги и разликите во ранливоста кога станува збор за кризите. Во суштина, ограничениот пристап до информации и сознанија на жените за кризата, бездруго води кон зголемување на ранливоста во случај на кризи и ризици, како за нив, така и за нивните фамилии.

Истражувањето кое неодамна го спроведовме на тема “Идентификување на инклузинвни решенија во услови на криза” во склоп на истоимениот проект, покажа дека жените, особено од руралните средини се помалку информирани за мерките кои постојат во услови на криза. Овде би ги спомнале и луѓето од маргинализирана група, кои најчесто се занемаруваат во услови на криза, особено кога станува збор за поголема катастрофа.

Додека ранливоста на жените во кризни ситуации често се истакнува, нивната улога во давање помош и активно учество во надминување и справување со кризите, не е доволно призната. Жените се во голема мера маргинализирани во развојот на политиките за справување со намалувањето на ризиците од кризи, како и од процесите на донесување одлуки, така што нивните гласови остануваат неслушнати.

Во современата стручна литература веќе има силни докази дека кога жените се активно вклучени во намалувањето на ризиците од несреќи и градењето политики за оваа проблематика, и мажите и жените имаат придобивки од ваквиот пристап, а со тоа и целите заедници, па и државите. Мажите и жените на различен начин ги доживуваат, сфаќаат и идентификуваат ризиците од кризи. Сите можат да бидат изложени на ризици на различен начин, но мажите и жените имаат различни нивоа на ранливост, различни начини на пристап до расположливите ресурси и заради тоа имаат развиено различни вештини за справување со кризи.

**Заклучок:** Жените треба да бидат активно вклучени во сите фази на посткризното делување и донесување одлуки. Исклучиво половиот пристап кон потребите на жените во кризна состојба не може да се третира одвоено од останатите сектори какви што се здравјето, засолништето, правните потреби, образовните, живеачката и друго. Вклучувањето на жените и младината во правењето на планови за намалување на ризиците од кризи, како и во справувањето со кризни состојби што е можно порано им има помогнато на заедниците да развијат подобро разбирање за потребите на жените и децата и да преземат чекори во пресретнување на овие потреби.

## Програма за комуникација при кризи и катастрофи:

Кризната комуникација се однесува на функционирањето на организацијата и установата во кризни ситуации и улогите на лицата кои се занимаваат со односи со јавност. Како настан кој почнува вон контрола, кризата во голема мера влијае врз репутацијата на организацијата и на главните лица кои донесуваат одлуки во неа. Во таа смисла, не треба ни да се помислува дека кризата може да се сокрие од јавноста и заинтересираните групи со кои работи организацијата и кои непосредно или посредно зависат од неа.

Заради тоа, сериозните организации имаат разработен кризен план, список на најреално можните проблеми или кризни ситуации, како и приоритетни оперативни потези ако се случи инцидентот. Тимот одговорен за решавање на кризата е запознаен со деталите на планот. Од брзината на реакција на кризниот тим зависи и конечниот исход на немилиот настан и опсегот на материјална или нематеријална штета кој следи. Покрај брзината и компетентноста, отвореноста на каналите за комуникација, како и јасноста и недвосмисленоста на преземените акции претставуваат најважни обврски во решавањето на кризната ситуација.

## Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја на територијата во надлежност на Општина Струмица

Оперативниот план[1] се однесува на опасноста од поплави на земјиштето од површинските води, како резултат на брзото топење на снегот и обилните дождови. Севкупниот план за контрола на поплави, е изработен врз основа на моментално достапни информации, искуства од минатото и груби проценки направени врз основа на расположливите податоци во Општина Струмица и територијата во надлежност на општината.

*Референца 1*

Според мониторирање на документот доставен од страна на Општина Струмица, оперативен план за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја на територијата во надлежност на Општина Струмица од 2015 година, извршена е проценка на сливните подрачја и проценка на моќната загрозеност каде е наведено дека појавата на големи води во струмичкиот регион најчесто се случува еднаш годишно и тоа во раната пролет односно Март и Април.

Генерално, според оперативниот план, појавите на големи води се сведуваат на хидрографската мрежа и особено топографските карактеристики на теренот кои се доста неповолни бидејќи овозможуваат многу брза концентрација на паднатите количини од горните делови на сливот и брзо доспевање на водите во нискиот рамничарски дел, најчесто со коинциденција на поплавените бранови од помалите поројни притоки на река Струмица.

На овие појави не може да се влијае освен со одредени мерки и активности кои ќе ги подобрат условите за прифаќање и одвод на паднатите количини преку постојната речна и каналска мрежа со што може да се спречат или ублажат штети на објектите и земјоделското земјиште.

*Референца 2*[2]

**МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОПЛАВИ НАВЕДЕНИ ВО ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И ОДБАНА ОД ПОПЛАВИ ЗА ЗАГРОЗЕНИТЕ ПОДРАЧЈА НА ТЕРИТОРИЈАТА ВО НАДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**

Според оперативниот план, Општина Струмица има издвоено три главни мерки кои се наменети за превенција за заштита од поплави, оперативни мерки за заштита од поплави и мерки за ублажување и отстранување на последиците предизвикани од поплави.

Во прилог на овој документ може подетално да ги погледнете мерките наведени во оперативниот план:

[1] Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја на териотријата на надлежност на о. Струмица (страна бр.2)
[2] Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја на териотријата на надлежност на о. Струмица (страна бр.8)

### 3.1. Превентивни мерки

За да се спречат негативните ефекти од големите води се спроведуват превентивни мерки, изградба и одржување на водни објекти и изведба на заштитни работи. Превентивни мерки ги вклучуваат сите мерки и дејствија преземени за да се спречи појавата на превенција на поплави и ублажување на последиците од нивните дејства. Со превентивни мерки за значителен процент се намали ризикот од поплави.

Заштитни работи исто така се сметаат : пошумување , чистење на вегетацијата, затревување , подигање на вештачки ливади , мелиорација , чистење на речни корита чистење на ретензии на пороите и слични работи .

### 3.2. Оперативни мерки

Водостопанство "Струмичко Поле" не располага со механизација и не може да преземе одредени оперативни интензивни мерки за справување со непосредна опасност од поплави.

Интервентни мерки се однесуваат на активностите што ги спроведуваат во време на непосредна опасност од истекување на вода или појава на поплави .

### 3.3 Мерки за ублажување и отстранување на последиците предизвикани од поплави

Во рамките на овие мерки се вклучуваат и активностите на рехабилитација, реконструкција и доградба на структури оштетени од природни катастрофи. Исто така, овие мерки вклучуваат целосна или делумна компензација на повредени физички и правни лица , кои се предизвикани од природни катастрофи.

За рехабилитација и реконструкција ќе бидат вклучени релевантните институции.

*Референца 3*[3]

Заклучокот на оперативниот план е насочен кон постојана контрола на нивото на водата на Акумулациите до дозволената кота под прилив и редовно известување на надлежните органи, односно кон Водостопанство Струмички Слив. Исто така како препорака во оперативниот план е наведена дваесет четиричасовен мониторинг на браните со цел навремено да се воочат извесни аномалии и алармирање на населението кое е во загрозената зона, како и редовна техничка окултација на браните.

*Референца 4*[4]

[3] Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја на териотријата на надлежност на о. Струмица (страна бр.9)

[4] Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја на териотријата на надлежност на о. Струмица (страна бр.29)

Според мониторинг на оперативниот план за заштита и одбрана од поплави на Општина Босилово, планот се насочува кон проценка на загрозеноста од поплави и мерки и план за заштита и спасување од поплави.

Општина Босилово се занимава со давање на општи регионални и локални (услужни активност) според класификацијата на дејности утврдена од страна на Државниот завод за статистика. Според климатските промени, појавата на ненадејни поројни дождови за време на летниот период, условите на постојаната одводна каналска мрежа, состојбата на речните корита на подрачјето на општина Босилово како и врз основа на досегашно искуство на општина Босилово, проценка е дека за наведената територија постои најголема опасност од елементарна непогода – поплави.

Според извршена проценка во оперативниот план за заштита и одбрана од поплави на Општина Босилово, најизложени подрачја на поплави се следниве:

- Долж течението на река Струмица на потегот Босилово-Робово-Секирник
- Долж течението на река Турија на потегот Сарај-Турнов
- Долж течението на река Водочница по атарот на с.Моноспитово – с.Бориево
- Долж течението на Иловичка река до влив во река Струмица
- Долж течението на порој Дрвошка река до влив во река Турија
- Долж течението на порој Штучка река до влив во река Струмица
- Долж течението на канал Азмак (атар Петралинци) до влив во река Турија

Наведено е дека треба да се има во предвид дека територијата на општина Босилово со својата релјефна структура и покриеноста со богата хидрографска структура-мрежа, сама по себе е ранлива и изложена односно претставува директна опасност по населението и материјалните добра разместени на истата.

## МЕРКИ И ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ:

Превентивните мерки и оперативните мерки за заштита од поплави во оперативниот план се насочени кон регулација на речни корита, изградба на заштитни појаси на речните корита, одржување на нивото на водите, подготовка на оперативни планови за заштита и спасување на населението и материјалните добра во загрозените подрачја и сл.

Деталните мерки од оперативниот план може детално да ги разгледате во прилог на овој документ:

- Регулација на речните корита, заштита од узурпација и одржување на регуларниот дел од речните корита (навремено чистење на речните корита);
- Изградба на заштитни појаси на речните корита, особено на местата каде се евидентирани чести изливање на водите;
- Одржување на отворени канали за одвод и атмосферската канализација
- Повторно отворање на каналите за одводнување, нивно прочистување и одржување

- Одржување на нивото на водите во браната Иловица за да може да ги прима ударните бранови од атмосферските врнежи
- Континуирано одржување на каналите од хидромелиоративниот систем (примарна, секундарна и терцијална каналска мрежа, шахти, вентили, пумпи, затворачи и слично) во исправна состојба
- Одбележување на поплавениот бран во загрозените подрачја
- Технички решенија за уредите за известување и тревожење на населението во загрозените подрачја од поплави
- Оперативни планови за заштита и спасување на населението и материјалните добра во загрозените подрачја
- Воспоставување на систем за автоматско јавување за можни поплави и негово поврзување со сите надлежни институции
- Запознавање на населението за опасностите од појава на поплави, нивно обучување и оспособување за преземање на мерки и постапки за заштита и евакуација во тие услови
- Контрола на системот за водоснабдување од загадување посебно во местата каде се користат артериски бунари и бушотини
- Снабдување на населението со вода за пиење, облека и прехранбени продукти.

**Потребните средства за спроведување на оперативните мерки за заштита и одбрана од поплави се обезбедуваат од страна на Буџетот на општина Босилово за секоја година.**

*Референца 5*[5]

[5] Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Босилово 2024 (страна бр.18)

# III. ИСПОЛНЕТОСТ НА МЕРКИТЕ

За да го процениме степенот на спроведба на секоја мерка, разработивме инфографици кои ги претставуваат резултатите во вид на графикони. Овие инфографици ни овозможуваат да визуелизираме и анализираме напредокот и исполнетоста на мерките во рамките на општините од Струмичкиот микро-регион.

Секој графикон содржи проценка за степенот на спроведба на соодветната мерка, како и искажување за пречките и предизвиците кои можеби се сретнати во процесот на спроведба. Ова ни овозможува да идентификуваме потенцијални проблеми и да разработиме стратегии за нивно превладување.

Преку овие инфографици, го оценуваме напорот и ангажманот на општините во извршувањето на мерките, истовремено откривајќи можност за подобрување и надградба на постоечките стратегии и програми за кризни ситуации.

Според процентуалната исполнетост на мерките во општините од Струмичкиот микро-регион, можеме да забележиме следново:

| Општина 1: | Општина 2: | Општина 3: |
|---|---|---|
| Исполнетост на мерките составува **75%**, со искажување за пречки и предизвици од **25%** | Исполнетост на мерките составува **60%,** со искажување за пречки и предизвици од **40%** | Исполнетост на мерките составува **85%**, со искажување за пречки и предизвици од **15%** |

**Ова детално анализирање преку процентите ни овозможува да ги прецизираме областите каде што се потребни дополнителни напори и ресурси за подобрување на спроведбата на мерките.**

# IV. ПЛАНОВИ И МЕРКИ ЗА ИДНИНА

Според извршениот мониторинг на општините од Струмичкиот микро-регион, го предложуваме следново:

- Надградба на постоечките програми и мерки: Се препорачува да се изработат планови за надградба на постоечките програми и мерки, вклучувајќи ги подобрување на нивната ефикасност и прилагодливост. Ова вклучува прецизно определување на нивните цели и резултати, како и имплементација на механизми за континуирано проследување и оценка.
- Нови иницијативи: Предложуваме и планирање и имплементација на нови иницијативи кои ќе одговараат на менливите потреби и предизвици во областа на кризни ситуации. Ова може да вклучи развој на образовни програми, подобрување на инфраструктурата и воведување на нови технологии за брзо реагирање и превенција.
- Предвидени рокови и буџети: За успешната имплементација на идните мерки и програми, предлагаме да се постават реални предвидени рокови и буџети. Ова ќе обезбеди јасен временски рамки и финансиски ресурси за секоја фаза на процесот, што ќе го олесни нивното следење и оценка.

Преку овие планови и мерки за иднина, целта е да се подигне нивото на подготвеност и способност за реагирање на кризни ситуации во општините од Струмичкиот микро-регион, осигурајќи безбедност и заштита за сите граѓани.

Во рамките на напредните планови и мерки за иднина, ги предложуваме следниве подетални активности:

- Прецизно анализирање на потребите и предизвиците: Извршување на детална анализа за да се идентификуваат најголемите потреби и предизвици поврзани со кризни ситуации во регионот. Ова вклучува консултации со релевантните заинтересирани страни и прибирање на податоци за претходни случаи на кризи.
- Планирање на образовни програми и обуки: Разработка и имплементација на образовни програми и обуки за граѓаните, вклучувајќи ги нивната обука за први помош, основни превентивни мерки и процедури за постапување во различни кризни ситуации.
- Подобрување на инфраструктурата: Прецизно планирање и реализација на мерки за подобрување на инфраструктурата во области како комуникации, превозни средства за спасување и комуникациски системи за брзо реагирање во кризни ситуации.
- Воведување на нови технологии: Истражување и имплементација на нови технологии и алатки кои можат да го зголемат капацитетот за реагирање и управување со кризни ситуации, вклучувајќи ги системи за рано предупредување, сензори за надгледување и апликации за комуникација во случај на криза.
- Подигање на јавната свесност: Организирање на кампањи за јавно информирање и образование за граѓаните за кризни ситуации, вклучувајќи ги објавување на материјали за подготвеност и упатства за постапување во различни сценарија на криза.
- Преку овие  мерки, целта е да се зголеми отпорот на општините од Струмичкиот микро-регион и нивната способност да се справат со кризни ситуации, осигурувајќи безбедност и заштита за сите нивни жители.

# V. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

При мониторингот на постоечките општински мерки применивме аналитички и правен пристап за прибирање на податоци, како и користење на методи за прибирање на примарни и секундарни податоци со цел да обезбедиме објективна анализа. Како дел од овие напори, ние успешно соработувавме со граѓаните преку различни методи, вклучувајќи електронски прашалници, интервјуа и фокус групи.

Електронските прашалници ни обезбедија широк спектар на квантитативни податоци, кои беа целно анализирани за да добиеме детален преглед врз искуствата, перцепциите и потребите на граѓаните. Интервјуата со засегнатите страни, вклучувајќи и претставници од маргинализираните групи, допринесе кон добивање на нов поглед врз искуствата и потребите и кај овие граѓани.

Организирањето на фокус групи беше од суштинско значење, овозможувајќи директна интеракција и дијалог со крајните буџетски корисници. Преку овие форми на комуникација, добивме детален фидбек за ефективноста и влијанието на општинските мерки врз заедницата.

Како општински документи беа мониторирани, Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја на територијата во надлежност на Општина Струмица од 2015 година и Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Босилово од 2024 година.

Резултатите од мониторингот и евалуацијата беа систематски анализирани и документирани, со цел идентификација на успешни аспекти и формулирање на конкретни препораки за подобрување. Овој полиси бриф ќе се користи како индикатор за постоечки документи и мерки кои се најитни да се преземат во иднина, што ќе придонесе кон создавање на механизми за постојана адаптација и усовршување на стратегиите сконцентрирано кон потребите и предизвиците на заедницата.

# VI. ПРЕПОРАКИ И ИСКУСТВА

Согласно искуствата од мониторингот и евалуацијата, воочивме изразен недостиг на изработка на стратегии и мерки за поддршка на маргинализираните лица, особено во контекст на кризни ситуации. Овде се отвора потребата за формирање на јасни и конкретни стратегии кои ќе обезбедат обука, подготовка и поддршка за маргинализираните групи во време на криза. При истражувањето воопшто не се пронајдени стратегии и мерки на локално ниво што ги адресираат потребите и предизвиците на маргинализираните групи во општините.

Според ова, предлагаме да се разработат и имплементираат конкретни програми и мерки кои ќе ги вклучат маргинализираните групи во планирањето и извршувањето на кризни интервенции. Ова може да вклучи обуки за маргинализираните за први помош и мерки за нивно вклучување во креирањето на кризни планови. Одговорот на кризата мора да биде инклузивен и да ги вклучи сите членови на заедницата, особено оние кои се најранливи.

**Овде ќе наброиме неколку препораки за подобрување на идните програми и мерки:**

## ПРЕДЛОГ 1: РАЗВИВАЊЕ НА СТРАТЕГИИ ЗА КРИЗНИ СИТУАЦИИ:

Согласно анализата, воочивме креирање, разработување и имплементирање на конректни стратегии и мерки за постапување во кризни ситуации што вклучува детални мерки за поддршка на маргинализирани групи. Изработката на оваа стратегија треба да биде јасна, лесно достапна за сите граѓани и целосно инклузивна.

## ПРЕДЛОГ 2: ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КОНКРЕТНИ МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ:

Повикувајќи се на темелното истражување за потребите на заедниците, заклучивме дека значителен процент од испитаниците се соочуваат со финансиски проблеми кои произлегуваат од неможноста за легално вработување, непристапноста до ресурси и дискриминацијата од страна на локалната заедница. Испитаниците изразија потреба за конкретни мерки и програми за вработување што би ги поддржале маргинализираните групи, со фокус на нивните специфични потреби и можност за активно вклучување во работни процеси. Според истражувањето, финансиските предизвици на маргинализираните групи потекнуваат од лимитираните можности за вработување, што допринесува кон засилена финансиска зависност, а неможноста за легално вработување креира дополнителни пречки за овие групи, што истовремено влијае на нивната социјална интеграција. Освен тоа, непристапноста до ресурси и услуги ги засилува финансиските потешкотии и ги остава граѓаните во таканаречена социјална изолација.

Локалните општини потребно е да имплементираат конкретни мерки, како што се програми за поддршка на вработување, кои ќе бидат дизајнирани со оглед на специфичните потреби на овие групи.

## ПРЕДЛОГ 3: ЗАСИЛУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКИТЕ СИСТЕМИ ЗА ПОДДРШКА ВО КРИЗНИ СИТУАЦИИ:

Ревизија на целокупниот систем за поддршка во случај на криза, вклучувајќи механизми за брза комуникација, распределба на хуманитарна помош и специфична грижа за маргинализирани групи. Преку ревизијата на постоечките системи за алармирање и информирање ќе обезбедиме брза и ефикасна комуникација. Ова вклучува развој на мобилни апликации, текстуални пораки, и други канали за моментално известување на граѓаните. За да се обезбеди рамноправна распределба на хуманитарна помош, системите треба да бидат прегледани и приспособени според потребите на маргинализираните групи. Ова може да вклучува пристап до локални центри за барање на помош, инклузивни дистрибутивни пунктови и соработка со невладините организации. Системите за поддршка треба да интегрираат посебни планови за грижа за маргинализирани групи, вклучувајќи ги во процесот на планирање и извршување.

## ПРЕДЛОГ 4: ЕДУКАЦИЈА И ПОДИГАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ:

Организација на обуки и образовни кампањи за службениците на општината, фокусирани на предизвиците што ги поставуваат кризните ситуации и заштита на правата на маргинализираните групи во случај на кризни ситуации, е еден од суштинските предлози за развој на општината.

## ПРЕДЛОГ 5: ИСТРАЖУВАЊЕ И АНАЛИЗА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Со вклучување на граѓаните од маргинализирани групи во самиот процес на истражување, добиваме детален преглед во потребите и предизвиците. Ова не само што ги вклучува во процесот, туку и гарантира дека резултатите ќе бидат репрезентативни и корисни. Флексибилноста и осознавање на значењето на една култура се важни аспекти на успешно истражување. За да го разбереме контекстот и потребите, општините треба да бидат флексибилни и отворени кон различни културни аспекти. Ова осигурува голема прецизност во анализата и одлични резултатите. Ова осигурува дека истражувањето ќе биде што е можно подетално и ќе обезбеди доверливи информации. Ова ќе го обезбедиме со активно вовлекување на граѓаните во креирањето и мониторингот на стратегиите, осигурајќи се дека гласот на маргинализираните групи е слушнат и заслужува внимание, како и преку креирање на консултативни панели составени од претставници од различни групи, кои би давале совети и предлози за подобрување на мерките.

## ПРЕДЛОГ 6. ПУБЛИКАЦИЈА НА ДОКУМЕНТИ И СТРАТЕГИИ

Обезбедување на јавна достапност на општинските стратегии и мерки е предлог кој е пожелно општините што побрзо да го имплементираат во своето работење. Ова се обезбедува преку веб-страниците на општината и со користење на социјалните мрежи за комуникација, како и други средства кои и стојат на располагање.

Континуирано обновување и ажурирање на овие документи е од круцијално значање за да се осигура соодветност со потребите на граѓаните.

Овие препораки се насочени кон создавање на одговорни и инклузивни мерки за поддршка во кризни ситуации, како и подигање на свеста и спремноста на локалните општини да се справуваат со предизвиците што ги поставуваат маргинализираните групи во време на криза.

## ПРЕДЛОГ 7. СИСТЕМ ЗА МОНИТОРИНГ

Усовршување на постоечките системи за мониторинг и евалуација, со посебен фокус на ефективноста и влијанието врз маргинализираните групи обезбедува целосна транспарентност и работење исклучиво за подобрување на квалитетот на живот на граѓаните. Ова може да се обезбеди преку изработка на редовни извештаи и објавување на резултатите на мониторингот во јавноста.

# VII. ПРИЛОЗИ И ДОКУМЕНТАЦИЈА

Анекс 1

**Б А Р А Њ Е**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Од: Центар за истражувања и анализи НОВУС, ул. Васил Сурчев 56, тел.+389 75/495-003, e-mail zdruzenienovus@gmail.com.

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: Данче Кирова, тел.+389 77/981-775, e-mail dkirova133@gmail.com .

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Ве молиме да ни ги доставите следните информации:**

1. Доставете ни Локални планови за заштита и спасување (Закон за заштита и спасување) во периодот од 2020 до 2022 година?
2. Доставете ни Локални програми за справување со кризи и катастрофи (Закон за ЛС) во периодот од 2020 до 2022 година? Ве молиме доставете ни линк или посочете каде се објавени.
3. Доставете ни Локални оперативни планови (Закон за води) во периодот од 2020 година до 2022 година?
4. Доставете ни Планови за ризици и опасности од катастрофи (Методологија за процена на опасностите) во периодот од 2020 година до 2022 година?
5. Доставете ни Регионални и локални планови за управување со ризици од поплави (ЕУ Директива за поплави) во периодот од 2020 година до 2022 година?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија

- г) електронски запис

- д) друго ______________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта

- б) телефон

- в) факс

- г) е-маил

- д) друго ______________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

## Доставена документација- од општините

[Документ 1: Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја на територијата во надлежност на Општина Струмица]

[Документ 2: Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на Општина Босилово 2024]

[Документ 3: Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на загрозеност на подрачјето на општина Василево]

[Документ 4: Процена на загрозеност од ризици и опасности за настанување на кризни состојби на подрачјето на Општина Василево]

[Документ 5: Процена на загрозеност за можни опасности од одредени непогоди и други несреќи во Општина Василево]